МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## Од Деветата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 04.09.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на седмата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Маја Седрак, Владимир Палашевски, Лазо Трпков и Марјан Велевски.*

Он-лајн ја следеа седницата: *Миле Грозданоски и Музбајдин Ќамиљи*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски, Генерален Директор на МРТ, Горан Атанасов, Директор на Заеднички функции и администрација, Билјана Настеска-Каланоска, офицер за комуникации во ЗНМ, Билјана Петковска, директор на МИМ, Даријан Пејовски од ДФРМ, Марија Димитрова од ДФРМ, Трајче Илиевски од ЗНМ, Драган Секуловски, Извршен Директор на ЗНМ, Дејан Георгиевски, Центар за развој на медиуми, Снежана Трпевска, Институт РЕСИС, Мишко Талески, Министерство за дигитална трансформација, Ивона Талевска, претседател на МАН, Леунора Калиќи, Претседател на Управниот одбор на СЕММ, Младен Чадиковски од ЗНМ и Љубица Пуцаревиќ, Синдикална организација при МРТ.*

Деветата седница на Програмскиот совет започна во 11:11 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Деветата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Средба со еснафски здруженија и медиумски организации**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Средба со еснафски здруженија и медиумски организации**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, ги поздрави присутните на седницата и изрази задоволство за првата јавна седница на Програмскиот совет со претставниците на еснафските здруженија и медиумските организации.

Тој истакна дека токму оваа седница има особена важност, бидејќи е насочена кон размена на идеи и предлози за унапредување на јавниот сервис, со цел МРТ да продолжи да се развива како независен, модерен и кредибилен јавен сервис во служба на граѓаните. Цел на Програмскиот совет е вакви јавни седници да станат редовна пракса, која ќе овозможи поширока вклученост на релевантните чинители во процесот на унапредување на МРТ од една страна и поголема транспарентност во работата на Програмскиот совет од друга страна. Воедно, тој го поздрави и претставникот од Министерството за дигитална трансформација, имајќи предвид дека токму тоа министерство е надлежно за медиумската регулатива.
Тој констатираше дека е значајно и присуството на менаџментот на МРТ, чија улога е клучна во преточувањето на предлозите и идеите кои ќе произлезат од средбата во конкретни мерки, а во заедничка координација со Програмскиот совет ќе се овозможи практична и ефикасна реализација.
Понатаму Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски им даде збор на членовите на Програмскиот совет на МРТ за да се претставaт пред претставниците на еснафските здруженија и медиумски организации.

Седницата продолжи со тоа што Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ги истакна приоритетите на Програмскиот совет кои се битни **како при креирањето на годишните програми, така и во подготовката на новата петгодишна стратегија за развој на МРТ (2026–2030):**

- **Технолошка модернизација** – приближување на МРТ кон младата публика преку прилагодени содржини и платформи, согласно новата стратегија на ЕБУ;
- **Дигитална трансформација** – развој на повеќејазичен, модерен и функционален веб-сајт, формирање посебна дигитална редакција;
- **Финансиска стабилност** – преку стратешки план за капитални инвестиции: обнова на техничка опрема, продукциска инфраструктура, теренски капацитети и возен парк;
- **Законски реформи** – подготовка на нов Закон за МРТ кој ќе овозможи функционална независност и институционална автономија, со изземање од постојниот ЗААВМУ;
- **Дописничка мрежа** – унапредување на техничките и кадровските капацитети на регионално ниво заради подобра покриеност, со редовен работен однос;
- **Професионални и етички стандарди** – проактивна улога на етичката комисија и унапредување на постојниот кодекс;
- **Унапредување на статусот на новинарите, уредниците и давателите на услуги -** Дерегулација и поедноставување на процедурите.

**Заеднички заклучоци со директорот на МРТ**

Во таа смисла тој информираше дека Програмскиот совет одржал и посебна седница со Директорот на МРТ, на која биле презентирани приоритетите на Програмскиот совет и биле разгледани клучните прашања за развојот на јавниот сервис. Од оваа седница произлегле заеднички идни чекори и активности, чија реализација ќе се одвива во координација меѓу Програмскиот совет и менаџментот на МРТ:

- Подготовка на **Акциски план / план за инвестиции**
- Изработка на новата **Петгодишна стратегија** која ќе ги опфати и планираните инвестиции од Акцискиот план
- Испратен е **Допис до МРД** во однос на фреквенцијата за Трет програмски сервис на Македонско радио-Програма на албански јазик
- Разработка и реализација на **проект за дигитализација** на творештвото и архивскиот материјал со кој располага МРТ, а кој сеуште не е дигитализиран
- Ревидирање и унапредување на **Систематизацијата**
- **Законски реформи**, вклучително носење на посебен закон за МРТ, како и дерегулација и поедноставување на постојните законски процедури со цел намалување на зависноста од други институции при вработување, унапредување и прераспределба на кадар

Тој го продолжи излагањето со тоа дека во Акцискиот план и Петгодишната стратегија ќе бидат прецизно наведени роковите за реализација, а истовремено ќе се побараат дополнителни буџетски средства за постигнување и одржување на повисоко ниво на програмски и техничко-технолошки развој на МРТ, во согласност со член 105 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Истакна дека редовната исплата и можноста за обезбедување на дополнителни средства за програмски и техничко-технолошки развој создаваат предуслови новата петгодишна Стратегија за развој на МРТ (2026–2030) да биде поамбициозна, со повеќегодишна финансиска проекција и план за инвестирање во програмски и технички капацитети и дека тоа директно ќе придонесе за изградба на независен, модерен и кредибилен јавен сервис во служба на граѓаните.

Истакна дека е особено важно во оваа прилика да се потенцира процесот на носење на Петгодишната стратегија, започнувањето на законските реформи и носењето на нов закон за МРТ да се иницираат и реализираат преку јавен и транспарентен начин со инволвирање на сите релевантни чинители.

По излагањето, Претседателот на Програмскиот совет му даде збор на Директорот на МРТ.

Директорот на МРТ, Марјан Цветковски ја поздрави оваа идеја на Програмскиот совет за ваков тип на јавна седница и изрази благодарност за присуството на еснафските здруженија и медиумските организации.

Тој потенцираше дека Претседателот на Програмскиот совет веќе ги има истакнато приоритетите на Програмскиот совет и побара да ги слушне идеите, критиките и

размислувањата на гостите коишто би можеле да бидат имплементирани и да се подигне Македонската радио телевизија на највисоко ниво.

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски отвори дискусија со присутните претставници на медиумските организации и еснафските здруженија и замоли да се пријават за збор, за да се овозможи секој да биде сослушан, а бидејќи бројот на присутни е голем, ги замоли присутните излагањата да бидат пократки, за потоа во рамки на дискусијата и членовите на Програмскиот совет да дадат свое мислење.

Прв зема збор Младен Чадиковски од ЗНМ и истакна дека му е многу драго за поканата на Програмскиот совет да учествува во ваква јавна седница, бидејќи им дава за право на транспарентност на новинарите и ја поздрави идејата на Програмскиот совет за подобрување на состојбата на МРТ. Исто така, истакна дека треба да се задржи континуитетот за финансиска и политичка независност, говорејќи за соодветни законски измени. Воедно, воочи на тоа и дека МРТ има потреба од вработување на нови кадри, млади кадри, како и развој на поголема дописничка мрежа кои би требале да се реализираат надвор од законските решенија за јавните претпријатија. Исто така, посочи дека е битно уредничката и новинарската етика да се зголеми, а тоа би се реализирало со нов Етички кодекс. За крај, истакна дека е нагласена потребата од зајакнување на уредувачката и новинарската независност преку акти коишто стојат на располагање и дека ЗНМ стои на располагање на Програмскиот совет за носење на овие акти за МРТ да остане глас на сите граѓани, како и да се зголеми гледаноста на Националниот сервис.

Потоа зема збор Драган Секуловски, извршен Директор на ЗНМ, кој се согласи во целост со Младен Чадиковски од ЗНМ и истакна голема благодарност и честитки до новиот Програмски совет. Тој се повика на извештаите на Европската комисија, говореше за програмскиот старт, за дигитализација и за соодветна примена на вештачката интелигенција. Исто така, истакна дека на МРТ и треба поголема дописничка мрежа, нов Етички кодекс, нови вработувања како и дигитализација што си доаѓа природно со новото време. Тој истакна дека ЗНМ стои зади МРТ и дека се надева на почести средби за консултација и состаноци, како и соработка која би се состоела од:

**Нацрт предлози за соработка со новиот состав на Програмскиот совет на МРТ**

Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) го поздравува изборот на нови членови на Програмскиот совет на МРТ и ја изразува својата подготвеност за соработка во насока на унапредување на транспарентноста, стратешкото планирање и стандардите на МРТ како јавен радиодифузен сервис. ЗНМ ќе биде конструктивен партнер на Советот, подготвен да понуди анализи, предлози и експертиза во областите поврзани со медиумските политики, етичките стандарди и новинарската слобода.

Во тој контекст, ги истакнуваме следните приоритети поделени во две генерални категории и две оперативни области, како основа за заедничка дискусија:

---

**1. Политичка независност**

- Дополнителна професионализација на Советот

Иако изборот на нови членови претставува позитивен чекор, ЗНМ останува посветено на идејата за целосна независност на Советот. Согласно Извештајот од меѓународната Fact-Finding мисија (2023), има потреба да се измени моделот на управување на МРТ, па затоа ЗНМ е подготвено да помогне со предлози за измени во законската рамка со цел советот долгорочно да биде составен од независни медиумски професионалци, претставници на граѓанскиот сектор како и останати истакнати индивидуи. Можеби во иднина треба да има посебен закон само за МРТ за да се издвои од постоечкиот ЗААМУ.

- Јакнење на уредувачката автономија на МРТ

Советот има клучна улога во обезбедувањето независност на уредувачката политика. Преку транспарентни одлуки, јавни расправи, јасни критериуми и заштита од притисоци, може да се овозможи вистински јавен сервис. ЗНМ е подготвено да придонесе со експертиза во креирање механизми за заштита од политички, економски или административни влијанија во согласност со своите капацитети. Корисно е МРТ да има етички омбудсман по примерот на Словенија како и етичката комисија која треба да постапува по предлози за прекршување на Етичкиот кодекс на МРТ да биде проактивна. Исто така, има простор за подобрување на етичкиот кодекс во рамки на МРТ.

---

**2. Финансиска независност**

- Потребни се средства со цел ефикасно функционирање на МРТ

ЗНМ ја поздравува позитивната промена со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ), со кои беа зголемени средствата за МРТ преку јавниот буџет. Овој чекор претставува значајна основа за финансиска стабилност.
Сепак, потребно е оваа поддршка да се надгради со дополнителни капитални инвестиции од страна на надлежните институции. Конкретно, МРТ се соочува со сериозни предизвици во однос на:

- застарена и недоволна техничка опрема,
- недоволна продукциска инфраструктура,
- ограничени капацитети за теренска работа и логистика,
- и нефункционален или застарен возен парк.

Во таа насока, ЗНМ предлага изработка на долгорочен стратешки план за капитални вложувања, кој ќе биде транспарентен, фазен и поврзан со развојните цели на јавниот сервис. Овој пристап би овозможил не само унапредување на техничките капацитети, туку и создавање услови за поквалитетна програма и поголема покриеност на јавниот интерес.

---

**Оперативни приоритети**

1. Подобрување на дописничката мрежа

• Во моментов МРТ има само одприлика 17 локални дописници – бројка која не обезбедува соодветна национална покриеност. Поголемиот дел од нив работат по договор или со скратено работно време, што ја намалува нивната мотивација и сигурност.

• ЗНМ предлага заедничка иницијатива за:

o Зголемување на бројот на дописници;

o Обезбедување стабилни договори и соодветни услови за работа;

o Инвестирање во опрема и логистика;

o Подобра територијална застапеност, особено во рурални и недоволно покриени средини.

2. Статусот на новинарите и уредниците во МРТ

• Иако формално не се јавни службеници, во пракса постои зависност од други институции при вработување, унапредување и прераспределба на кадарот – што создава простор за притисоци и забавувачки административни процедури.

• ЗНМ предлага заеднички ангажман за:

o Дерегулација и поедноставување на процедурите;

o Воведување механизми за заштита на професионалната автономија;

o Изработка на интерни политики за управување со човечки ресурси во согласност со европските стандарди за јавни радиодифузни сервиси.

• Континуитет на соработката - дополнителни обуки за вработените во сите програмски сервиси. Знм со своите партнери стои на располагање.

• Внимавање во изборот на органите на МРТ во идниот период, каде што Советот има клучна улога: нов надзорен одбор и нов менаџмент, да се оди на професионализација, да не се дозволи партизација.

• Вистинска уредничка независност - Советот со своето делување да креира амбиент за новинарска креација и ослободување од авто цензура.

---

**Заклучок**

ЗНМ гледа на новиот состав на Програмскиот совет како на можност за рестартирање на процесите за реформи во МРТ. Со заеднички пристап базиран на транспарентност,

професионализам и почитување на јавниот интерес, можеме да придонесеме за создавање на јавен сервис што ќе биде кредибилен, независен и во служба на сите граѓани. Советот може да смета на поддршката и експертизата на ЗНМ како стратешки партнер во овој процес.

-------------------------------------------------------------

Следна зема збор Билјана Петковска, Директор на МИМ и констатираше дека подолго од 20 години ја следи работата на МРТ и упати честитки до новиот Програмски совет. Напомена дека застапувањето на интересите на МРТ е битно и дека приоритетите на Програмскиот совет се на линија со интересите коишто МИМ ги застапува. Посака успех во делот на стратегија за нов Закон за МРТ. Го поздрави и моментот за нов Етички кодекс. Истакна дека и МИМ работи на измена на Етичкиот кодекс во делот на вештачката интелигенција. Напомена и дека треба унапредување на медиумската писменот. Воедно апелираше на тоа работата на Програмскиот совет да  се доближи до граѓаните и да се продолжи со ваков тип на средби, потоа да има можност граѓаните да пријавуваат одредени ставови за програмата на програмскиот сервис и да се интензивира тоа да ја доближат работата до граѓаните, со тоа што Програмскиот совет да ги застапува интересите на граѓаните.

Понатаму зема збор Дејан Георгиевски од Центар за развој на медиуми, кој кажа дека ја поздравува идеата на Програмскиот совет во сето тоа што беше образложено и дека претстои процес на смена на генерации за што е неопходно доекипирање на МРТ за да се внесе свежина и да се привлече младата публика. Истакна дека сакаат да ја видат МРТ на централен столб на културата, односно МРТ да биде носечки столб за културна продукција. Понатаму тој продолжи дека на Програмскиот совет му треба посистемска комуникација со граѓаните, за да бидат во постојан контакт со граѓаните. Воедно, посочи и на тоа да се направи процедура за трансформација на МРТ од јавен радиодифузен сервис во јавен медиумски сервис, како и тоа да се придружи кон дигитализација, како би можело да се привлече младата публика.  Тој спомена и една практична забелешка за позадината на титловите да биде во друга боја, а тоа поради гледачите од повозрасната генерација.

Следна зема збор Снежана Трпевска од Институт РЕСИС, таа истакна дека во Институтот се прават опсежни анализи и дека добро ја познава легислативата, како и дека е дел од тимот за реформи на медиумската легислатива. Исто така, истакна дека јавниот сервис треба да излезе од ЗААМУ. Воедно, истакна дека Програмскиот совет треба да воспостави комуникација со своите конституенти, односно граѓаните и да ги штити нивните интереси. Таа продолжи во смисла дека треба да се утврди која е мисијата на јавниот сервис во дигиталното време, дали може да се исполнуваат обврските во дигиталното време и како ќе

се постигне тоа, како би ги следеле програмите што се емитуваат и коментарите на граѓаните. Воедно да се направи сеопфатна анализа, со мрежа од совети, од публиката, како комуникацијата да се подобри со публиката, како и можност да се организираат и средба по градови за да се разговара со гледачите. Таа нагласи дека нејзиното познавање на материјата и искуството се на располагање на Програмскиот совет на МРТ.

Потоа се јави за збор Мишко Талески од Министерство за дигитална трансформација, кој истакна дека и двата закона по кои работи МРТ се во надлежност на Министерството, односно Законот за медиуми и ЗААМУ и клучно е тоа дека согласно чл. 105 од ЗААВМУ се издвојува 1% од вкупно собраните даноци за МРТ. Тој смета дека треба да се одвојат менаџментот од една страна, а новинарите од друга страна. Воедно, истакна дека изготвувањето на националната стратегија за развој на медиумскиот сектор се пролонгирало и дека дополнително треба да се разработи. Тој наведе дека треба и да се побараат експертски мислења од Европската унија за пристап кон ЕУ. Министерството дава мислење за годишните извештаи на јавниот сервис, но дека програмската шема многу ретко трпи измени. Тој побара да се земе предвид влијанието на јавноста, односно, што сакаат да гледаат граѓаните, а воедно и да има надзор на готовите производи што се емитуваат на програмите на МРТ во согласност со членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при што внимателно да се проверува што им се презентира на гледачите.

По него зема збор Снежана Трпевска од Институтот РЕСИС и рече дека треба да се воведе систем на претставки.

Следно зема збор Марјан Цветковски, Директор на МРТ и истакна дена таков систем има. Тој напомена дена во секој договор за програма е наведено дека уредникот треба да прегледа што ќе се емитува, односно секоја програма поминува неколку нивоа на преглед и тоа од Уредникот на редакција, од Уредникот на програма и од Одговорниот уредник на програмски сервис, а Директорот не може да дава забелшки на работатата на Уредникот. Програмскиот совет може да дава забелешки на работатата на Директорот, а Директорот не може да дава забелешки на работатата на Уредникот и дека тоа треба да претрпи промени, дотолку повеќе што сите казни од програмски аспект се насочени кон Директорот на МРТ. Тој се согласи дека треба да се штити интересот на МРТ и на гледачите, дека постојат пропусти, но сепак тие не се во голем број и дека доколку постојано се следи БиБиСи, сигурно и таму ќе се најдат пропусти.

Повторно се вклучи во дискусија Снежана Трпевска од Институтот РЕСИС и се надоврза со препорака да се има систем на критики внатре во редакциите, односно самите редакции да имаат таков систем на критики од страна на граѓаните.

Тука се вклучи во дискусија Ивана Ефремовски, член на Програмскиот совет и кажа дека, Програмскиот совет веќе има отворена меил адреса за предлози од граѓаните, но досега се добиени низа предлози за тоа како гледачите би сакале да гледаат латино сапуници со наведени наслови на шпански серии кои тие би сакале да се откупат, но нагласи дека Програмскиот совет ќе се залага за поддршка и унапредување на домашната продукција, како значаен сегмент за развој на јавниот сервис.

Снежана Трпевска од Институтот РЕСИС истакна дека мора да постои праг на предлози од граѓаните.

Лазо Трпков, член на Програмскиот совет на МРТ, упати прашање до Директорот на МРТ, Марјан Цвековски како се мери гледаноста.

Марјан Цветковски, Директор на МРТ рече дека согласно извештаите на Агенцијата за медиуми и согласно рејтинзите на А1 и Max ТВ, МТВ1 е трета телевизија по гледаност, а МТВ2 е убедливо втора. Воедно кажа и дека Детскиот канал, односно МТВ5 и Спортскиот канал МТВ3, се искачуваат се повеќе по гледаност.
Имено, тој нагласи дека МРТ е прв јавен сервис, кој во 2012 година направи ОТТ платформа, а која отпосле ја преземаа соседните држави, односно Радиотелевизија Србија, Хрватската радиотелевизија и Радиотелевизија Црна Гора.

Следна зема збор Ивона Талевска, Претседател на МАН. Таа упати честитки до новиот Програмски совет и рече дека целосно се преклопуваат со МАН во врска со реформите што треба да се спроведат во МРТ. Таа истакна дека оперативно ќе помагаат во процесот со дигитализација, но и дека доколку Програмскиот совет на МРТ успее да спроведе 50% од се што е горенаведено, тоа ќе биде голем успех за МРТ.

Потоа се јави за збор Леунора Калиќи, Претседател на Управниот одбор на СЕММ, и рече дека долги години работи во МРТ и дека ја видела институцијата во различни периоди. Таа рече дека гледа поизитивност, волја и мотивација за работата на МРТ, дека приоритетите се дискутирани и претходно и посочи на значењето за транспарентност со публиката, имаше инацијатива за назначување омбудсман, што ќе биде важен чекор за граѓаните и публиката.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски се заблагодари на сите и рече дека во план е и средба со Синдикалните претставници, но дека тоа ќе биде по завршувањето на изборниот процес, но бидејќи на денешната седница има и присутни од неколку Синдикални организации, им даде збор да се претставаат.

Марија Димитрова и Даријан Пејовски од Друштво на филмски работници, се заблагодарија на Програмскиот совет на МРТ и на сите останати и истакнаа дека е многу битно воспоставувањето на ваквата релација.  Тие рекоа дека имаат режисери, продуценти, филмски работници и дека стојат на располагање на сите организации и Синдикати.

Следна зема збор Љубица Пуцаревиќ од Синдикалната организација при МРТ и рече дека ја поддржуваат преограмата на Програмскиот совет на МРТ и дека со задоволство ќе се соработува во иднина со цел да се оствари се што е замислено. Таа напомена и дека во МРТ се работи по три Закони и дека МРТ е ланец во кој сите имаат учество. Потоа го истакна и проблемот со вработување на нови кадри, односно дека Министерството за финансии не дава согласност за нови вработувања во МРТ последниве две години. Продолжи дека многу колеги оствариле право на старосна пензија,  дека други починале и со тоа е намален бројот на вработени во МРТ, а дека нови врабоотувања нема на повидок.

Следен за збор се јави Трајче Илиевски од ЗНМ, кој рече дека е вработен во МРТ,  достави пишан материјал до членовите на Програмскиот совет со наслов Иницијатива за измена на правилник за систематизација на работините места во МРТ.

На крај на седницата Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски се заблагодари на сите за присуството и истакна дека Програмскиот совет ќе се соочува со предизвици во сите сегменти и дека претстои долг процес на промени што ведаш ќе започне.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за присуството и ја закажа следната седница на 10.09.2025 година во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот совет ја затвори Деветата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:41 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ — 02-04.09.2025г.

_________________________

Давор Пашоски